СТОПАНСКА БАНКА а.д. БИТОЛА

| Примен: 05-04-2023 | | | |
|---|---|---|---|
| орг.еди. | број | прилог | вредност |
| 02 | 5138/1 | / | |

Архивски знак 0202
Рок на чување: 1 г.
Потпис, 20__ година

До
**Стопанска банка а.д. Битола**
**Ул. Добривое Радосављевиќ бр.21**
**7000 Битола**

**„за 50 -та седница на Годишното Собрание на акционери на Стопанска банка а.д Битола"**

**Предмет:** Доставување предлог за номинација на лица за членови на Надзорен одбор на Стопанска банка а.д. Битола по однос на точка со реден број 11 од дневниот ред на Годишно собрание на акционери

Почитувани,

Согласно одредбите на Законот за трговските друштва врз основа на објавениот јавен повик за свикување на Годишното Собрание на акционери на Стопанска банка а.д. Битола објавен на 29.3.2023 година, акционерите, **Друштво за производство и услуги НЕТ-ЕЛЕКТРОНИКС Владимир ДООЕЛ Скопје** со седиште на ул. Скупи бр.55 Скопје кој поседува 5941 акции со право на глас и акционерот, **Трајан Масалковски,** со адреса на живеење ул. Народни Херои бр.8, Битола кој поседува 19000 акции со право на глас што заедно во процент претставува 6,39 % од вкупниот број на акции со право на глас во сопственичката структура на Стопанска банка а.д. Битола, доставуваме предлог по однос на точката со реден број 11 од дневниот ред за Собранието на акционери со наслов: „Предлог-одлука за именување членови на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола, со прилог: Мислење на Надзорниот одбор на Банката кон Предлог-одлуката".

По пат на овој допис ние како акционери на Стопанка банка а.д. Битола доставуваме предлог за номинирање на г. м-р Миле Зечевиќ за независен член на Надзорниот одбор и номинирање на г. Борислав Атанасовски за член на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола.

Предлогот за номинација на г. м-р Миле Зечевиќ го темелиме на неговото знаење, искуство и репутација како и неговиот досегашен професионален и посветен ангажман како независен член и претседател на Надзорниот одбор на Банката и член на Одборот за ревизија на Банката од редот на членовите на Надзорниот одбор.

Номинацијата на г. Борислав Атанасовски за член на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола ја базираме на неговото богато и долгогодишно искуство во областа на финансиите и ревизијата.

Сметаме дека номинираните кандидати со своето знаење и искуство ќе допринесат за успешна работа на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола.

Во прилог на предлогот, се доставуваат податоци за номинираните кандидати, краток опис на професионалните квалификации, работно искуство и останати податоци за номинираните кандидати утврдени со Законот за трговските друштва.

Воедно, во прилог доставуваме:

- Извод од ЦДХВ за сопственост на акции за акционерите предлагачи, не постар од 3 (три) дена;
- последна тековна состојба за акционерот, предлагач правно лице, не постара од 7 (седум) дена;
- фотокопија од лична карта за акционерот, предлагач физичко лице;
- лична карта во копија на законскиот застапник на акционерот, предлагач правно лице.

5.4. 2023 година

Друштво за производство и услуги НЕТ-ЕЛЕКТРОНИКС Владимир ДООЕЛ Скопје

НЕТ-ЕЛЕКТРОНИКС Владимир ДООЕЛ Скопје

Трајан Масалковски